**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ**
**ПАВЕЛ ШАТЕВ**

# СОВЕТУВАЊЕ НА ТЕМА:

# „Алтернативно решавање на спорови, придобивки од алтернативното решавање спорови, можноста за користење на медијацијата во спорните односи “

**Скопје**
**4 март 2020 година**
**Академија за судии и јавни обвинители**
**Павел Шатев**

Република Северна Македонија
Академија за судии и јавни обвинители
Павел Шатев

## ЦЕЛНА ГРУПА НА УЧЕСНИЦИ

Советувањето е наменето за судии од граѓански оддели од сите апелациони подрачја.

## КРАТОК ПРЕГЛЕД И ЦЕЛИ НА ОБУКАТА

Медијацијата како алтернатива за решавање на споровите вон судските постапки е веќе добро познат и признат метод за постигнување компромис по настанување на спор, во многу држави кои веќе имаат изградена пракса со позитивни ефекти. Медијацијата како постапка овозможува законито решавање спорови кои се подобни да се решаваат со примена на принципите на медијацијата како што се доброволност, економичност, ефикасност, нејавност и др. Со спогодбено решавање спорови, се овозможува постигнување на т.н. win – win ситуација, кога и двете страни не се чувствуваат како поразени, туку како победници кои постигнале разумно решение на еден конкретен спор. Во последните неколку години и во нашата држава се случија првите забележителни позитивни исчекори за развој на овој начин на решевање на споровите, а најмногу кај одредени видови спорови како стопанските, работните, потрошувачките, осигурителните итн. Следејќи ги Европските трендови за промовирање на медијацијата како алтернативен начин на решавање на споровите, во јули 2015 година се усвоени измени на Законот за парнична постапка на тој начин што се воведе задолжителен обид на медијација во стопанските спорови кои се однесуваат на парични побарувања до 1.000.000 денари и за чие решавање е предвидено постапката да се поведува со поднесување тужба до надлежен суд. Со ова решение, се даде можност за поактивна улога на судиите при постапувањето со стопанските предмети, но исто така и се воведе задолжение за доставување писмени укажувања до странките за можноста медијабилните спорови да ги решаваат со медијација. Во повеќето судови се отворени канцеларии за медијација за да се даде можност странките кои се дел од судски спор или имаат намера да поведат парница, да се запознаат и со можноста спорот да го решат со посредство на медијатор. И Судскиот совет и Врховниот суд во меѓувреме

усвоија Програми за развој и поддршка на медијацијата како мерки предвидени со Законот за медијација преку кои треба да се овозможи активна улога на судиите при препознавањето предмети поволни за решавање со медијација и активна улога во информирањето и насочувањето на странките во спорот, истите да ја имаат предвид можноста спорот да го решаваат во постапка на медијација. Советот на Европа, преку посебна работна група за медијација усвои сет на мерки наменети за судии кои треба да ги применуваат при спроведување на расправите за да им помогнат на странките и преку една хумана димензија да го согледаат значењето на решавањето одредени видови на спорови со нивна меѓусебна активна комуникација, надвор од очите на јавноста,а се со цел на обновување, задржување или создавање нови меѓучовечки односи и бизнис релации и во иднина.

## МАТЕРИЈАЛИ

- Презентации од излагачите

***Сите материјали поврзани со обуката можете да ги превземете на следниот линк:** http://www.jpacademy.gov.mk

## МЕСТО НА ОДРЖУВАЊЕ НА ОБУКАТА

Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Бул. Јане Сандански број:12 - Скопје
Тел. 02/2401-560

## ЛИЦЕ ЗАДОЛЖЕНО ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА СОВЕТУВАЊЕТО

**Гордана Лазаревска**, Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Електронска пошта: Gordana.Lazarevska@jpacademy.gov.mk и Тел. 02/2401-578

## ИЗЛАГАЧИ

судија Јованка Никодиновска, судија на Апелационен суд Скопје

г-ѓа. Роза Алексова, медијатор и обучувач на медијатори

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ**
**ПАВЕЛ ШАТЕВ**

# П Р О Г Р А М А

**4 март 2020 година (среда)**

10:00- 11:30 Алтернативно решавање на спорови

***г-ѓа Јованка Никодиновска,***
***судија на Апелационен суд Скопје***

11:30- 11:45 Пауза

11:45-12:30 Можности за користење на медијација во спорни односи

- Прашања

***г-ѓа Јованка Никодиновска,***
***судија на Апелационен суд Скопје***

12:30 –13:15 Медијацијата во Република Северна Македонија во периодот 2006-2020 (регулатива, состојба, предизвици)

***г-ѓа. Роза Алексова,***
***медијатор и обучувач на медијатори***

13:15- 13:30 Пауза

13:30 – 15:00 Однос медијација – судство и потребата за институционална соработка
Спроведување постапка на медијација во фази и улогата на судот при спроведувањето на медијација
Улогата на судијата при решавање видови на спорови подобни за медијација

- Прашања и дискусија

***г-ѓа. Роза Алексова,***
***медијатор и обучувач на медијатори***

15:00-15:15 Пополнување прашалници за оцена на советувањето

Република Северна Македонија
Академија за судии и јавни обвинители
Павел Шатев